ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
О С И Г У Р У В А Њ Е

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански" бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

## - КЛАСА 14 -
## Осигурување на кредити

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕМИ И ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# *КЛАСА 14 – ОСИГУРУВАЊЕ НА КРЕДИТИ*

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕМИ И ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА

Овие општи услови за осигурување на заеми и останати вложувања (во понатамошниот текст „општи услови ") се однесуваат на осигурување од финансиски загуби претрпени од страна на Осигуреникот при инвестиции во форма на заем даден спрема финансиските друштва, вложувања во удели во приватни инвестициски фондови и/или друштва кои вршат иста или слична дејност на територијата на Република Северна Македонија.

## I. ДЕФИНИЦИИ

Одделни изрази во овие услови значат:

1) **Осигурувач** – се однесува на Акционерското друштво за осигурување ЗОИЛ Македонија - Битола;
2) **Договарач на осигурување** – се однесува на секое правно или физичко лице кое со Осигурувачот склучува договор за осигурување и кое како такво е определено со полисата за осигурување;
3) **Осигуреник** – се однесува на физичко или правно лице чиј ризик од финансиска загуба при вложување во форма на заем даден спрема финансиските друштва, за друго кредитно посредување или удели во приватниот инвестициски фонд е опфатен со полисата за осигурување издадена во согласност со овие општи услови;
4) **Заемопримач** – се однесува на правно лице – финансиско друштво, инвестициски фонд, друштва за друго кредитно посредување и/или друштва кои вршат иста или слична дејност на територијата на Република Северна Македонија во согласност со позитивните законски прописи и кое со Осигуреникот во својство на заемодавач или вложувач има склучено договор за заем или договор за вложување;
5) **Вложување во приватни инвестициски фондови (инвестиција)** – се однесува на инвестицијата во форма на парични средства од страна на Осигуреникот во својство на купувач на удели во приватниот инвестициски фонд, врз основа на склучен договор за посредување на одреден број на удели во фондот;
6) **Влог** – се однесува на вложување во форма на заем по склучен договор за заем во финансиското друштво или друштво за друго кредитно посредување, или вложување во приватни инвестициски фондови врз основа на договор за вложување.
7) **Финансиска загуба** – се однесува на загуба која би ја претрпел Осигуреникот во случај на неисполнување на обврската за враќање на влогот од страна на Заемопримачот спрема Осигуреникот во согласност со склучениот договор за заем, или вложување во приватни инвестициски фондови во износ не поголем од износот на дадениот влог, без притоа да

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

се пресметуваат договорените камати, трошоци  или било какви други споредбени побарувања на Осигуреникот спрема Заемопримачот;

8) **Полиса** – се однесува на документ за склучен договор за осигурување, писмена исправа за договорот за осигурување што Осигурувачот му ја издава на Осигуреникот и кој се смета за составен дел од договорот за осигурување;
9) **Премија на осигурување** – се однесува на паричен износ што Договарачот на осигурувањето, односно Осигуреникот е должен да му ја плати  на Осигурувачот за склучениот договор за осигурување;
10) **Франшиза** – се однесува на учество на Осигуреникот во секоја финансиска загуба;
11) **Сума на осигурување** – се однесува на најголемиот износ утврден во договорот за осигурување кој Осигурувачот е обврзан да го плати ако настапи осигурен случај и која во ниту еден случај неможе да биде во износ повисок од главното парично побарување согласно Договорот за заем/ вложување во приватни инвестициски  фондови;
12) **Надомест на финансиска загуба при вложување** – се однесува на износ кој Осигурувачот му го плаќа на Осигуреникот доколку дојде до настан кој претставува осигуран случај во смисол на овие општи услови.

## II. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на осигурување
### Член 1

Предмет на осигурување според овие општи услови е инвестицијата на Осигуреникот реализирана во форма на влог како заем даден спрема финансиски друштва, друштва за друго кредитно посредување, вложување во удели од инвестициски фондови и/или друштва кои вршат иста или слична дејност на територијата на Република Северна Македонија во согласност со позитивните законски прописи.

Со ова осигурување се опфатени финансиските загуби претрпени од страна на Осигуреникот во случај на делумно или целосно неисполнување на пристигнатата парична обврска за враќање на влогот од страна на Заемопримачот спрема Осигуреникот во својство на заемодавач во согласнот со склучениот договор за заем/вложување и доколку бидат исполнети условите предвидени со овие Општи услови.

Финансиска загуба при инвестиции опфатени со овие општи услови, го претставува пристигнатиот неисплатен износ на главното парично побарување кое Осогуреникот во својство на заемодавач го има спрема Заемопримачот согласно случен договор за заем/вложување, без камата, трошоци или било какви други споредни побарувања, во случај Заемопримачот делумно или целосно да не ги исполни своите парични обврски кои произлегуваат од склучениот договор за заем/вложување со Осигуреникот во својство на заемодавач, намален за обврските кои осигуреникот ги има кон Замопримачот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Склучување на договор за осигурување**
**Член 2**

Договор за осигурување се склучува врз основа на приложен договор за заем/вложување во приватни инвестициски фондови.

Договорот за осигурување е склучен кога договорните страни ќе ја потпишат полисата за осигурување, под условите предвидени во полисата за осигурување и овие општи Услови.

Одредбите за склучување на договор за осигурување се користат и кога ќе се измени постоечкиот договор за осигурување, освен во случај на измена на Условите или тарифите за осигурување.

Доколку при склучување на договор за осигурување од страна на Договарачот на осигурување, односно Осигуреникот не бидат испочитувани обврските предвидени во погоре наведените одредби од овој член, договорот за осигурување нема да се смета за склучен.

## III. ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ФИНАНСИСКА ЗАГУБА ПРИ ВЛОЖУВАЊА

**Основно осигурување од Финансиска загуба при вложувања**
**Член 3**

Основното осигурување од Финансиска загуба при вложувања опфаќа надомест на финансиската загуба на Осигуреникот, во случај врз Заемопримачот да биде отворена постапка во стечај во согласност со одредбите од законот за стечај.

Ќе се смета дека осигурениот случај настанал на датумот кога дошло до отворање на стечајна постапка против Заемопримачот утврден врз основа на судска одлука во постапка спроведена во согласност со одредбите на Законот за стечај, од кој датум ќе се смета дека Заемопримачот паднал во задоцнување спрема Осигуреникот.

Доколку настане осигурениот случај, Осигуреникот е должен навремено и вонзаконски предвидениот рок да го пријави своето побарување спрема Заемопримачот во својство на стечаен должник во рамките на отворената стечајна постапка, во согласнот со одредбите од Законот за стечај. Договарачот на осигурување, доколку е различно лице од Осигуреникот, должен е да го запознае Осигуреникот со ваквата негова обврска. Доколку осигуреникот не постапи по обврската од овој член и не го пријави или ненавремено го пријави своето побарување спрема Заемопримачот во својство на должник во рамките на отворената стечајна постапка, во тој случај, Осигурувачот нема да биде во обврска да му исплати надомест на Финасиската загуба при инвестиции на Осигуреникот.

Доколку во рамките на стечајната потапка врз Заемопримачот се утврди дека побарувањето на Осигуреникот спрема Заемопримачот согласно Договорот за заем е неосновано,

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Осигурувачот нема да има обврска да врши плаќање на надоместот на финансиска загуба на Осигуреникот. Доколку Осигурувачот извршил исплата на ваквиот надомест на финансиска загуба пред да биде утврдена неоснованоста на побарувањето, Осигуреникот ќе биде должен, веднаш на барање на Осигурувачот, да ги врати исплатените износи на име надомест на Осигурувачот.

Висината на надомест на финансиската загуба која Осигурувачот ќе му ја исплати на Осигуреникот е еднаква на пристигнатиот и неисплатен основен износ на Заемот согласно склучениот договор за заем помеѓу Заемопримачот и Осигуреникот во својство на заемодавач и ваквиот надомест нема да вклучи било какви дополнителни трошоци, камати и други споредни побарувања на Осигуреникот кои произлегуваат од истиот договор за заем или врз основа на закон.

Во случај на денот на настанување на осигурениот случај Заемопримачот да има подмирено дел од обврските кои произлегуваат од склучениот договор за заем  со Осигуреникот во својство на заемодавач, во тој случај осигурувањето ќе го опфати единствено неподмирениот дел од главниот износ на дадениот заем на Осигуреникот, без пресметка на трошоци, камати и други споредни побарувања кои произлегуваат од истиот договор за заем или врз основа на закон.

**Проширено осигурување од финансиска загуба при вложувања**

Осигурувачот и Договарачот на осигурувањето може да склучат и полиса за Проширено осигурување од финансиска загуба.

Проширено осигурување од финансиска загуба при инвестиции опфаќа:

- надомест на Финансиската загуба при вложувања на Осигуреникот предвидено со Основното осигурување од финансиска загуба предвидено со членот 3 погоре;
- надомест на Оигуреникот во случаите кога Заемопримачот ќе падне во задоцнување со исполнување на своите парични обврски спрема Осигуреникот кои произлегуваат од склучениот договор за заем/вложување поради причини кои може да се препишат на страната за Заемопримачот.

Ќе се смета дека осигурениот случај од овој член настанал на датумот кога Заемопримачот ќе падне во задоцнување за период од најмалку 180 дена сметано од денот кој следи по датумот на кој Заемопримачот требало да ја исполни својата обврска спрема Осигуреникот, како што е определено со договорот за заем/вложување склучен со Осигуреникот во својство на заемодавач и истото е поткрепено со потврдена судска постапка која е поведена од страна на Осигуреникот за неисполнување на обрските од страна на Заемопримачот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕМИ И ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА**

Доколку во периодот до изминување на 180 дена сметано од денот кој следи по датумот на кој Заемопримачот требало да ја исполни својата обврска спрема Осигуреникот како што е определено со договорот за заем/вложување склучен со Осигуреникот во својство на заемодавач, врз Заемопримачот биде отворена стечајна постапка, во тој случај ќе се смета дека настанал осигурениот случај од Основното осигурување од финансиска загуба при вложувања и ќе се применат одредбите од Член 3 на овие Општи Услови.

**Почеток и крај на осигурително покритие**
**Член 5**

Обврската на Осигурувачот од договорот за осигурување започнува после 24 часот од денот кој е наведен во полисата како почеток на осигурувањето и ако премијата е платена до тој ден, односно после 24 часот од денот кога премијата е платена, ако не е поинаку договорено.

Осигурувачот е во обврска да ја надомести финансиската загуба само тогаш кога осигурениот случај настанал за време на важењето на осигурувањето доколку причината која довела до настанување на осигурениот случај настанала за време на важење на осигурувањето, без разлика кога се појавиле последиците или кога е дознаено за истите.

Не може да се бара надомест за финансиска загуба при вложувања за која правото да се бара исплаќање е застарено согласно применливата законска регулатива.

Обврската на осигурувачот завршува по истекот на 24 тиот час од денот кој е наведен во полисата како ден на завршување на осигурувањето.

За времетраење на осигурувањето според овие услови се смета периодот на непрекинатото осигурување од финансиска загуба при вложувања кај Осигурувачот со склучено исти или различни сукцесивни договори за осигурување од финансиски загуби при вложувања.

Побарувањето за надомест на финансиска загуба врз основа на склучена полиса за осигурување во согласност со овие општи Услови може да се поднесе во рок од три години сметано од денот на настанување на осигурениот случај. Доколку побарувањето за надомест е поднесено во рамките на рокот од 3 години, но по завршување на постапката за стечај врз Заемопримачот, износот на надоместот на осигурувањето кој Осигурувачот треба да го плати на Осигуреникот ќе биде намален за износот кој го примил Осигуреникот во рамките на стечајната постапка.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Исклучување од осигурување**

**Член 6**

Осигурувачот не одговара за надомест на Финансиските загуби при вложувања кога тоа не е определено со овие општи услови.

Осигурувањето ги покрива само оние осигурени случаи што настанале на територија на Република Северна Македонија.

Осигурувачот не е во обврска да исплати надомест на Финансиската загуба при вложувања, во следните случаи:

(1) финансиската загуба е предизвикана намерно или со дејствија на измама или крајна небрежност, на Фондот, финансиското друштво или нивни вработени;
(2) право на надомест неможе да има ниту едно поврзано лице со Заемопримачот;
(3) доколку врз Заемопримачот се отвори постапка за ликвидација согласно Законот за трговските друштва, освен доколку во текот на постапката се утврди дека е нужно отворање на стечајна постапка врз Заемопримачот (неприменливо во случај на Проширено осигурување од Финансиска загуба при вложувања)
(4) утврдена е ништовност на договорот за заем/вложување од страна на суд или друг државен орган;
(5) договорот за заем/вложување е поништен од страна на суд или друг државен орган;
(6) договорот за заем/вложување престанал да произведува правно дејство и да биде правно-обврзувачки помеѓу Осигуреникот и Заемопримачот поради која било причина;
(7) доколку произлезе дека договорот за заем/вложување е фиктивен договор, односно со договорот за заем/вложување Осигуреникот и Заемопримачот имале намера да склучат друг вид на договор;
(8) доколку неисполнувањето на страната на Заемопримачот произлегува од тоа што Осигуреникот неисполнил, задоцнил со исполнувањето или неправилно исполнил одредена обрвска која произлегува за Осигуреникот од договорот за заем/вложување;
(9) доколку побарувањето на Осигуреникот спрема Заемопримачот по основ на договорот за заем/вложување е намалено или во целост ослободено поради било која причина;
(10) доколку поради одлука на суд, или друг надлежен орган, или поради било која друга причина произлезе дека побарувањето на Осигуреникот спрема Заемопримачот од договорот за заем/вложување е неосновано;
(11) доколку Осигуреникот го ослободи Заемопримачот од обврската за отплата на заемот/влогот согласно договорот за заем/вложување во целост или делумно (за износот за кој што е извршено таквото ослободување);
(12) доколку Осигуреникот се откаже од обезбедувањето (хипотека, залог, меница,

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

гаранција и друго) дадено од Заемопримачот за целите на обезбедување на побарувањето на Осигуреникот од договорот за заем/вложување и во сите други случаи кога е предвидено исклучување на осигурувањето согласно овие општи услови и други применливи одредби од позитивните закоснски прописи.

Осигурувачот не е во обврска да исплати надомест на Финансиската загуба при вложување настаната како резултат на Виша сила. Под ,,Виша сила“ во смисла на овие општи Услови се подразбира настан што се случил по склучувањето на договорот за осигурување и кој има за последица неисполнување или ненавремено исполнување на обврската за Заемопримачот спрема Осигуреникот во својство на заемодавач, а кој произлегува од случајности, непредвидени околности или причини што се вон разумна контрола на Заемопримачот и што во времето на склучување на договорот за осигурување истите не можеле да бидат предвидени, избегнати, спречени, елиминирани или поправени преку преземање на адекватни мерки, вклучувајќи ( но не ограничувајќи се на):

(1) непредвидливи природни појави поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотрес, пожари и слично);
(2) дејствија на државните институции;
(3) дефекти во трансакциските платежни системи кои го спречуваат Заемопримачот да ги исполни своите обврски спрема Осигуреникот во својство на заемодавач;
(4) воведување или почитување на било какви закони, согласности, прописи, уредби, пресуди, налози, резолуции во сила, или барање од какви било државни органи кои го спречуваат Заемопримачот да ги исполни своите обврски спрема Осигуреникот во својство на заемодавач,
(5) прогласени вонредни и воени состојби,
(6) прогласени состојби на епидемии и/или пандемии,
(7) национализација, експропријација, конфискација, нереди, војна, непосредна воена закана, експолозија, пожар, земјотрес, штрајк и други настани кои го спречуваат Заемопримачот да ги исполни своите обврски спрема Осигуреникот во својство на заемодавач.

Во некој случај Осигурувачот нема да биде должен да исплати надомест на Финасиската загуба од вложувања доколку таквата исплата би била спротивна на закон, меѓународен договор или било која друга применлива регулатива или доколку има поведено постапка за одземање на лиценца или согласност за работа, односно да има веќе изречена забрана за вршење на дејност од страна на државна институција према правните субјекти во кои Заемопримачот ги вложува средствата.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ

### Повеќекратно и двојно осигурување
### Член 7

Договарачот на осигурување односно Осигуреникот е должен при склучувањето на договорот за осигурувањето и при пријава на осигурен случај да го извести Осигурувачот за тоа дали истата финасиска загуба при инвестиции можеби е осигурена и кај некој други осигурувачи. Доколку Осигуреникот не пријави дека е дадено осигурување за истата финансиска загуба при инвестиции кај други осигурувачи, или пријавата е неточна, Осигурувачот ќе има право да одбие да исплати надомест на финансиска загуба при инвестиции.

Во счучај на повеќекратно и двојно осигурување се применуваат законските одредби кои ги регулираат овие случаи.

### Премија на осигурување
### Член 8

Доколку со полисата не е поинаку определено, Осигуреникот, односно Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата еднократно.
Осигуреникот или Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати еднократната премија за осигурување при приемот на полисата за осигурување, освен доколку не е поинаку определено.
Ако е договорено премијата да се плаќа на рати, при настан на осигурен случај доспеваат за плаќање сите рати на премијата од тековната осигурителна година.
Доколку премијата е прикажана во странска валута, тогаш договарачот или осигуреникот плаќањето ќе го врши по средниот курс за соодветната валута објавен од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето.
Во случај на престанување на договорот за осигурување пред договорениот рок на траење, а приота Договарачот на осигурување, односно Осигуреникот имал некаков попуст на траење на осигурувањето, во тој случај Договарачот на осигурување , односно Осигуреникот е должен да му го исплати на Осигурувачот износот на одобрениот попуст за премијата.

### Пресметување на премијата и оцена на ризикот
### Член 9

(1) Осигурувачот одлучува за висината на премијата врз основа на индивидуалната оцена на ризикот, врз основа на променливите тарифи за определување на премијата, како и врз основа на податоците кои ќе бидат доставени од Договарачот на осигурувањето или Осигуреникот.
(2) Осигуреникот, односно Договарачот на осигурување е должен при склучувањето на договорот за осигурување, на Осигурувачот да му ги пријави сите околности што се важни за оценување на опасноста од настанување на осигураниот случај и кои му биле

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

познати или не можеле да не му бидат познати, а согласно Законот за облигационите односи.

(3) Осигуреникот, односно Договарачот на осигурување е должен за секоја промена на околностите, во текот на траењето на договорот за осигурување, кои би можеле да бидат од занчење за оценување на опасноста, без одлагање, да го извести Осигурувачот.

(4) По потреба, Осигуреникот односно Договарачот на осигурување е должен да му овозможи на Осигурувачот преглед и ревизија на ризиците.

**(5)** Доколку Осигуреникот, односно Договарачот на осигурување не ги испочитува обврските предвидени во погорните одредби од овој член, истите се должни солидарно да му ја надоместат на Осигурувачот штетата која истиот ја претрпел како резултат на непреземањето на овие дејствија и Осигурувачот ќе има право да ја откаже полисата од самиот почеток на важење.

**Сума на осигурување**
**Член 10**

Сума на осигурување е горната граница на обврските на Осигурувачот по еден осигурен случај на начин како што е договорено со полисата за осигурување и во согласност со овие услови.

**Обврска на Осигуреникот, односно Договарачот на осигурување**

**по настанување на осигурен случај**

**Член 11**

(1) Осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот за настанувањето на осигурениот случај како и да поднесе барање за надомест на финансиска загуба при вложувања најдоцна во рок од три работни дена по сознавањето за настанувањето на осигураниот случај.

(2) Осигуреникот е должен да го информира Осигурувачот во рок од три работни дена во случај да Заемопримачот падне во задоцнување за период од најмалку 5 дена сметано од денот кој следи по датумот на кој Заемопримачот требало да ја исполни својата обврска спрема Осигуреникот, како што е определено со договорот за заем/вложување.

(3) По известувањето од ставот (1), Осигуреникот е должен до Осигурувачот да ги достави сите потребни документи за целите на утврдување на основаноста и висината на надоместот за финансиска загуба, како и сите документи кои Осигурувачот ќе ги побара.

(4) Ако е поведена кривична, судска или било каква друга постапка во која учествува Осигуреникот, а во врска со било кој осигурен случај, Осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести Осигурувачот, па и тогаш кога веќе го пријавил настанувањето на

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

осигураниот случај согласно ставот (1) од овој член. Осигуреникот е исто така е должен да ги достави сите документи од постапката до Осигурувачот (вклучително кривична пријава, тужба, стечајна пријава пропратна документација, одлуки на надлежните органи и судови итн.)

(5) Доколку осигурениот случај настанал поради отворање на стечај врз Заемопримачот, а побарувањето на Осигуреникот по договорот за заем/вложување е оспорено од стечајниот управител или некој од доверителите, во тој случај Осигуреникот ќе му пружи целосна помош на Осигурувачот во постапките предвидени по таквото оспорување, во случај доколку Осигурувачот стапил на местото на Осигуреникот во стечајната постапка. Доколку во рамките на таквите постапки се утврди дека побарувањето е неосновано, ќе се приемни член 3 став (4) од овие општи Услови.

(6) Осигуреникот/договарачот е должен да дава детални и вистинити известувања во врска со финансиската загуба при вложувања, да ги определи сите околности поврзани со осигурениот случај и да му ги достави на Осигурувачот сите запишани податоци кои можат да бидат занчајни за проценката на осигурениот случај и износот на финансиската загуба.

(7) Осигурувачот можи да врши ревизија или проверка и да има копии на било кои од книгите, евиденцијата, податоците и операциите на осигуреникот/договарачот во секое време по оправдано известување до осигуреникот/договарачот доколку тие книги, евиденција, податоци и операции се однесуваат на оштетно барање или околност.

(8) Ако Осигуреникот се спротивстави на предлогот на Осигурувачот барањето за надомест на Финансиска загуба при вложувања да се реши со порамнување или плаќање, Осигурувачот не е должен да го плати вишокот на надоместокот, на каматите и трошоците кои што при тоа настанале како последица на недавањето на согласност од старана на Осигуреникот за порамнување или плаќање.

(9) Доколку Осигуреникот не се придржува на обврските од овој член ќе ги сноси штетните последици коишто настануваат при тоа освен, ако тие би настанале и кога би се придржувал на обврските.

(10) Ако Осигуреникот на било кој начин ги прекрши одредбите од договоротбза осигурување, не соработува со Осигурувачот при решавање на осигурениот случај, или го попречува осигурувачот при решавањето на побарувањата за надомест на Финансиска загуба при вложувања, Осигуреникот е должен да ја надомести штетата што ќе му настане на Осигурувачот.

(11) Обврските од овој член се однесуваат и на Договарачот на осигурувањето.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Надомест на Финансиска загуба при вложувања**
**Член 12**

(1) Осигурувачот го исплатува надоместокот од осигурувањето во рок од 14 дена од денот на донесување на официјален документ од страна на осигуреникот/договарачот со кој се утврдува постоењето Финансиската загуба при вложување. Во случаите на настанување на осигуран случај предвиден со договор за Основно осигурување од Финансиска загуба при вложување, исплатата на надоместокот ќе се реализира во рок од 14 дена сметано од денот кога Осигуреникот ќе достави до Осигурувачот доказ дека навремено и во законски предвидениот рок го пријавил своето побарување спрема Заемопримачот во својство на должникот во рамките на отворената стечајна постапка, во согласност со одредбите од Законот за стечај.

(2) Осигурувачот го исплатува надоместот од осигурувањето врз основа на:
- порамнувањето кое што го склучил или одобрил;
- судската одлука;
- одлука на Осигурувачот за исплата на надомест на Финансиска загуба при вложувања;
- друга документација која Осигурувачот ја смета соодветната за таа цел.

(3) Осигурувачот на име надомест на осигуреникот да ја депонира сумата на осигурување и во тој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.

(4) Висината на надоместот на Финансиска загуба при вложувања неможе да биде поголема од реалната финансиска загуба која Осигуреникот ја претрпел со настанување на осигурениот случај, но таквиот надомест во никој случај не може да биде поголем од сумата на осигурување.

**Франшиза**
**Член 13**

(1) При основното осигурување од финансиска загуба при вложувања, учество на осигуреникот во секоја Финансиска загуба при вложувања (франшиза) изнесува 10% од Финансиската загуба при вложувања, а најмалку 250,00 ЕУР во денарска противвредност согласно средниот курс за еврото објавен од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето, освен ако не е поинаку договорено со полисата.

(2) При проширеното осигурување од финансиска загуба при вложувања, учеството на осигуреникот во секоја Финансиска загуба при вложувања (франшиза) изнесува 20% од Финансиската загуба при вложувања, а најмалку 250,00 ЕУР во денарска противвредност согласно средниот курс за еврото објавен од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето, освен ако не е поинаку договорено со полисата.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

### Престанок на осигурувањето
### Член 14

(1) Осигурувањето престанува во случај да се исплати вкупната сума на осигурување.
(2) Доколку, Осигуреникот, односно Договарачот на осигурување еднострано го раскине договорот за осигурување од било која причина спротивно на овие општи Услови, на Осигуреникот, односно на Договарачот на осигурување не му следи повторна премија, а ако истиот не ја плати во целост премијата во моментот на раскинување, има обврска да го доплати целиот износ на премијата.
(3) Ако Осигуреникот достави барање за исплата на Финансиска загуба при инвестиции, а притоа знае дека истото е лажно или измамничко во однос на износот, или поинаку, осигурувањето веднаш престанува да биде важечко и Осигуреникот ќе биде должен на Осигурувачот да му ги врати сите износи кој истиот ги примил врз основа на таквото барање.
(4) Осигурувачот може на Осигуреникот да му го откаже осигурувањето по овие Општи Услови без отказен рок во било кое време, ако утврди дека Осигуреникот или Договарачот на осигурувањето извршил некоја материјална повреда на одредбите од полисата за осигурување и/или овие Услови и/или било кои други применливи услови и/или применливите законски норми и друга регулатива.

### Суброгација
### Член 15

(1) Доколку настане осигурениот случај и притоа се изврши исплата на надоместот на Финансиската загуба при инвестиции од страна на Осигурувачот спрема Осигуреникот, во тој случај, на Осигурителот се пренесуваат сите побарувања кои Осигуреникот ги имал спрема Заемопримачот во согласност со склучениот договор за заем склучен помеѓу Осигуреникот во својство на заемодавач и Заемопримачот, заедно со сето обезбедување, камата и други споредни побарувања. Врз Осигуреникот ќе прекинат сите побарувања (главни и споредни) на Осигуреникот спрема трети лица кои што одговараат за отплатата на заемот заедно со Заемопримачот (солидарни должници, гаранти, кокредитобаратели и други).
(2) Во случај да е поведена стечајна постапка спрема Заемопримачот, Осигурителот ќе има право да пристапи во постапката како доверител на местото на Осигуреникот.
(3) Осигуреникот ќе даде целосна помош во утврдување на побарувањето спрема Заемопримачот кои Осигурувачот може оправдано да ги побара.
(4) Ако осигуреникот не пристапи во согласност со претходниот став, Осигурувачот може од надоместокот на Финансиската загуба при инвестиции да го одбие износот на штета која поради тоа ја претрпел.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(5) Осигурувачот ќе има право на регрес спрема Осигуреникот, доколку поради било која причина осигурувачот исплати надомест на Финансиската загуба при инвестиции предизвикана со намера, измама или крајно невнимание, како и право на регрес на исплатен надомест на Финансиската загуба при инвестиции за која на Осигурувачот од страна на Осигуреникот односно Договарачот на осигурување не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за целите на правилна процена на износот на претрпената финансиска загуба.

**Измена на називот или адресата**

**Член 16**

(1) Договарачот на осигурувањето, односно Осигуреникот е должен за измените на името, називот и или адресата, да го извести Осигурувачот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

**(2)** Во случај да не биде дадено известување согласно ставот (1) од овај член, ќе се смета дека известувањето испратено од страна на Осигурувачот е уредно доставено доколку е испратено на последната позната адреса на Договарачот на осигурувањето, односно Осигуреникот.

**Измени на условите за осигурување и тарифата на премии**

**Член 17**

(1) За договори за осигурување кои се склучени со период на важност подолг од една година, доколку Осигурувачот ги промени условите или тарифите за осигурување, мора за промената да го извести Договарачот на осигурувањето, односно Осигуреникот најмалку 30 дена пред истекот на тековната осигурителна полиса.

(2) Догововарачот на осигурвањето, односно Осигуреникот има право во рок од 30 дена по приемот на известувањето да го откаже договорот за осигурување и во таков случај договорот престанува да важи со истекот на тековната осигурителна полиса.

**(3)** Доколку осигуреникот не го откаже договорот за осигурување, новите услови или тарифи за осигурување ќе започнат да се применуваат на договорот за осигурување од започнувањето на следната година на осигурување.

**Застарување на побарувањето**

**Член 18**

Побарувањето на надоместот на Финансиска загуба при инвестиции по склучениот договор за осигурување, застаруваат во роковите определени со Законот за облигациони односи.

**Обврски за чување на доверливи податоци**

**Член 19**

(1) Осигурувачот е во обврска да ги чува податоците од договорот за осигурување како доверливи податоци.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**(2)** Осигурувачот може да ги обелоденува доверливите податоци од ставот (1) на овај член во согласност со применливите законски норми.

**Лични податоци**
**Член 20**

Со осигурувањето на договорот за осигурување се смета дека Осигуреникот и Договарачот на осигурување ги даваат сите потребни согласности предвидени согласно закон и другата применлива регулатива, а со цел овозможување на Осигурувачот да ги процесира сите лични податоци во обем кој е дозволен и за целите на спроведување на договорот за осигурување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Осигуреникот, односно договорувачот, доколку е физичко лице, има право да поднесе жалба во однос на осигурувачот, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето, до Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежен орган на супервизија на друштвата за осигурување, согласно со Законот за супервизија на осигурувањето.

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепена комисија за решавање на штети по приговор.

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќеги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основниот граѓански суд Битола.

Овие Услови влегуваат во сила по нивното донесување.